# УПАТСТВО НА ECRB ЗА REMIT РЕГУЛАТИВАТА

## 1. Вовед

Потребата за транспарентност и интегритет на пазарот и целта да се избегне злоупотреба на пазарите на енергија на големо доведе до воведување на Регулативата (ЕУ) бр.1227/2011 на Европскиот Парламент и Советот за интегритет и транспарентност на пазарите на енергија на големо (REMIT). Во Европска Унија, REMIT стапи на сила на 28 декември 2011 година.[1] Одредени барања на REMIT, како што е известувањето за податоци, стапија на сила подоцна во 2015 и 2016 година.

REMIT регулативата која се однесува на Договорните страни на Енергетската заедница (Договорни страни), беше усвоена од страна на Министерскиот совет на Енергетската заедница со Одлуката 2018/10/MC-EnC на 29 ноември 2018 година (‘EnC REMIT’). Со оваа Одлука е извршено прилагодување на ЕУ верзијата на REMIT Регулативата во т.н. ‘REMIT light’ верзија која е правно обврзувачка за Договорните страни. При тоа, со ова прилагодување не е опфатено централното собирање на податоци од страна на Агенцијата за соработка на енергетските регулатори на Европската Унија (ACER), додека надлежноста за координација на истраги од сродна надлежност која изворно ја има ACER, е доделена на Одборот на регулатори на Енергетската заедница (ECRB). [2]

Целта на овој документ е да обезбеди упатство за разбирањето на ‘EnC REMIT’ и да го олесни неговото доследно спроведување од страна на Договорните страни.

Упатството издадено од ACER во врска со REMIT, вклучително и во форма на прашања и одговори, ќе се смета за основно упатство за спроведување на ‘EnC REMIT’ од страна на Договорните страни. ECRB ја препорачува употребата на упатствата издадени од ACER како сеопфатен водич за REMIT. Упатствата на ACER се достапни на: https://documents.acer-remit.eu/

Постојното упатство на ECRB се однесува на области или прашања кои се идентификувани помеѓу Договорните страни во тековниот процес на имплементација, но не се опфатени со упатствата на ACER (во понатамошниот текст: ‘Упатство на ECRB’). Упатството на ECRB е развиено во форма на прашања и одговори и ќе се ажурира редовно до степен до кој ќе бидат потребни дополнителни прашања или појаснувања од страна на учесниците на пазарите и другите засегнати страни. ECRB ги поканува учесниците на пазарите и другите засегнати страни да достават било какви прашања до регулаторните тела на Договорните страни.

[1] Објавено во Службен Весник на Европска Унија бр. Л326, стр. 1, на 8 декември 2011 година.

[2] Одлуката од 2018/10/MC-EnC постави краен рок за транспонирање на РЕМИТ Регулативата до 29.11.2019 година и рок за имплементација до 25.05.2020 година.

## 2. Општи прашања и одговори за примената на REMIT

**П1: Што е REMIT?**

О1: Регулативата (ЕУ) бр. 1227/2011 на Европскиот Парламент и Советот за интегритет и транспарентност на пазарот на енергија на големо (REMIT) во Европската Унија стапи на сила на 28 декември 2011 година.

Со одлука на Министерскиот совет на ЕУ, оваа регулатива беше усвоена и вклучена во 'Acquis Communautaire' на Енергетската заедница на 29 Ноември 2018 година. Иако оваа одлука го вклучи REMIT во верзија која е многу слична на верзијата која што е применлива во ЕУ – сепак беше направено прилагодување со исклучување на централното собирање на податоци од страна на ACER, додека надлежноста за координација на истраги од сродна надлежност која изворно ја има ACER, е доделена на ECRB.

Онаму каде што ова упатство се однесува на општите концепти, барања и цели на REMIT регулативата, кратенката 'REMIT' ќе се користи без никаква разлика дали оваа верзија е применлива во ЕУ или Енергетската заедница. Кога се однесува на специфични одредби што се применуваат во Енергетската заедница, за да се избегне забуна, ќе се користи кратенката 'EnC REMIT'.

**П2: Која е целта на REMIT и зошто е важен?**

А2: Со REMIT се поставува рамката за интегритет на пазарите на големо преку забрана на одредени злоупотреби на пазарот и зајакнување на нивната транспарентност. Националните регулаторни тела или други надлежни органи со REMIT се овластени да преземаат мерки против учесниците кои се впуштаат во злоупотреби на пазарите на големо на енергија.

Како што е наведено и во самата регулатива, главна цел на REMIT е да се "*осигура дека потрошувачите и другите учесници на пазарот може да имаат доверба во интегритетот на пазарите на електрична енергија и природен гас, и дека цените кои се постигнати на пазарите на енергија на големо одразуваат фер и конкурентен сооднос помеѓу понудата и побарувачката, и дека преку злоупотреба на пазарите не може да генерира никаков профит*".

Поточно, REMIT има за цел да ги зачува и подобри придобивките на крајните потрошувачи на енергија, преку промовирање на фер конкуренција и зголемување на транспарентноста на пазарите на енергија на големо. На тој начин, треба да се осигура дека крајниот потрошувач ќе ја плати вистинската цена за електрична енергија и природен гас.

За таа цел, REMIT регулативата дефинира и воведува термини со цел да се организира и обезбеди правилно функционирање на пазарот на големо, како што се:

- спречување на злоупотреба на пазарот преку дефинирање на 'внатрешни информации' и 'манипулации на пазарот',
- воведување на секторски – специфичен, сеопфатен и ефикасен мониторинг на пазарите на големо,
- воведување на забрани за злоупотреби кои го поткопуваат интегритетот на пазарите на енергија на големо.

Посилни национални регулаторни тела, надзорен режим, и поголема транспарентност на пазарите на големо на енергија го намалуваат ризикот од манипулации на пазарот и влијание врз цените.

**П3: Која е разликата помеѓу REMIT применлив во ЕУ и EnC REMIT?**

О3: ЕУ REMIT[3] е применлив во земјите членки на ЕУ и се состои од следните клучни барања:

1. Забрана за манипулација на пазарот и тргување врз основа на внатрешни информации,
2. Обврска за објавување на внатрешни информации,
3. Доставување податоци до ACER,
4. Пан-ЕУ мониторинг и надзор на пазарот од страна на ACER,
5. Други одредби како што се овластувањата на националните регулаторни тела, режим на санкционирање, обврски за лицата кои професионално посредуваат во договарање трансакции (PPAT), итн.

EnC REMIT[4] се применува кај Договорните страни и се состои од следните клучни барања:

1. Забрана за манипулација на пазарот и тргување врз основа на внатрешни информации,
2. Обврска за објавување на внатрешни информации,
3. ECRB има улога на координатор и ја предводи соработката помеѓу регулаторните тела,
4. Други одредби како што се овластувањата на националните регулаторни тела, режим на санкционирање, обврски за лицата кои професионално посредуваат во договарање трансакции (PPAT), итн.

Улогата на ACER во собирањето на податоци и надзор не е предвидена во EnC REMIT верзијата. Исто така, не постои барање за редовно и централизирано доставување извештаи со податоци, иако тоа не е во спротивност со она што би можело да се бара на национално ниво од страна на Договорните страни. Националните регулаторни тела може да бараат доставување извештаи на редовна основа или за спроведување одредена истрага.

Од друга страна, ECRB ќе ја координира работата на националните регулаторни тела за прекугранични прашања и ќе издава насоки за доследна примена на EnC REMIT.

Постојат и други помали промени кои се сметаат за ‘стандардни прилагодувања’[5] како на пример кога се дефинираат производите и пазарите на големо на енергија, EnC REMIT се однесува на Договорните страни, наместо на земјите членки на ЕУ. Исто така, постојат некои одредби кои се однесуваат конкретно на ЕУ, па затоа не се вклучени во EnC REMIT.

---

[3] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32017R1001&rid=3

[4] https://www.energy-community.org/dam/jcr:4484c612-282e-4727-8bce-bafbd8facab2/REMIT_1227_2011_correlation.pdf

[5] ‘Стандард’ значи прилагодувања кои вообичаено се применуваат при инкорпорирањето на правните акти на ЕУ во правната рамка на Енергетската заедница.

**П4: Зошто EnC REMIT не вклучува прашања за известување на податоци до ACER?**

О4: Постојат неколку правни, технички, и финансиски причини зошто не е вклучено доставувањето на податоци до ACER во рамки на Енергетската заедница, а кое постои во REMIT и е применливо во ЕУ. Во таа насока, две можности беа дискутирани:

1. Да се вклучи барање за известување до ACER во EnC REMIT, откако Регулативата за имплементација бр. 1348/2014 (Регулатива за имплементација) ќе биде прилагодена и усвоена за Договорните страни во подоцнежната фаза. Меѓутоа, оваа можност би барала јасен патоказ и временска рамка за усвојување на Регулативата за имплементација за да му се овозможи на ACER да се подготви за собирање на податоци, соработка со националните регулаторни тела, и за стекнување надлежност за вршење надзор на пазарите во рамките на Договорните страни. Во времето на усвојување на EnC REMIT, не беше воспоставен адекватен патоказ.
2. Целосно да се исклучат одредбите за известување се додека јасно не се прецизира понатамошниот правец, особено во однос на пазарната интеграција помеѓу Договорните страни и пазарите на ЕУ.

Резултатот од двата пристапа е релативно ист, бидејќи и двата подразбираат известување во подоцнежна фаза. Сепак пристапот за измена на EnC REMIT и усвојување на Регулативата за имплементација во подоцнежна фаза се сметаше за посоодветен. Ова не е во спротивност со националните барања за известување кои се во сила или кои Договорните страни ги сметаат за соодветни со цел да се обезбеди подобар надзор на пазарот.

**П5: Дали има планови за централизирано известување и надзор според EnC REMIT?**

О5: Да, како што е објаснето во О4, централизираното известување и надзорот остануваат како цел која треба да се реализира во подоцнежна фаза, паралелно со понатамошната пазарна интеграција помеѓу Договорните страни и земјите членки на ЕУ, а врз основа на имплементација на мрежните кодови и упатства кои моментално се применуваат во ЕУ, особено во однос на спојувањето на пазарите (market coupling).

**П6: Дали Регулативата за имплементација 1348/2014 се применува и кај Договорните страни?**

О6: Бидејќи во моментот не постои централизирано барање за известување според EnC REMIT, Регулативата за имплементација 1348/2014 не е дел од правната рамка на Енергетската заедница. Сепак ова не е во спротивност со националните барања на Договорните страни кои можат да ги користат принципите на спомената регулатива за барање за национално известување. Во случај кога постои сомневање, ова прашање треба да се разјасни со соодветното национално регулаторно тело.

**П7: Дали EnC REMIT ќе има влијание врз мојата компанија?**

О7: Ако вашата компанија:

- е активна на пазарите на енергија на големо [види ја дефиницијата во О10] и работи со енергетски производи на пазарот на големо [види ја дефиницијата во О11]
- што вклучува (но не е ограничена на) купување или продавање на електрична енергија или природен гас, производствен капацитет, пренос и складирање на електрична енергија/природен гас и нивни деривативи.

во една од Договорните страни, тогаш вашата компанија е обврзана со одредбите на EnC REMIT.

Имајте во предвид дека понудите за купување и продавање на енергетски производи на пазарот на големо се сметаат како работа со такви производи и оттука е неважно дали се случило вистинско купување или продажба на пазарот, односно и самиот налог (за купување и/или продавање) претставува пазарна активност.

За да се добие појасна слика за обврските содржани во REMIT, како дополнување на ова упатство, треба внимателно да се прочита и EnC REMIT, како и упатството издадено од ACER[6]. Во случај кога е потребно појаснување, вашата компанија треба да го консултира националното регулаторно тело во Договорната страна каде што е активна.

**П8: Која е улогата на националните регулаторни тела во однос на EnC REMIT?**

А8: Националните регулаторни тела во соработка со другите надлежни органи на Договорните страни, ќе обезбедат спроведување на правилата на EnC REMIT. Ова вклучува, но не е ограничено на активности поврзани со:

- регистрација на учесниците на пазарот;
- обезбедување упатства за да се обезбеди доследна имплементација на REMIT;
- мониторинг на пазарот за да се открие злоупотреба на пазарот и за да се обезбеди спроведување на барањата за транспарентност;
- соработка со регулаторните тела од Енергетската заедница, ECRB и ACER, при справувањето со пазарни злоупотреби кои имаат прекугранично влијание;
- барање податоци и информации;
- спроведување на истраги, примена на режим на санкционирање (во соработка со другите национални тела) за прекршување на одредби од EnC REMIT;
- известување до Секретаријатот на Енергетската заедница за активностите поврзани со EnC REMIT.

**П9: Која е улогата на ECRB во рамките на EnC REMIT?**

ECRB доследно ќе ја олеснува работата на националните регулаторни тела во извршување на нивните задачи кои произлегуваат од EnC REMIT во рамки на целата Енергетската заедница каде

[6] https://documents.acer-remit.eu

што EnC REMIT е применлив. Воедно, ќе развива упатства, процедури и обрасци кои конзистентно ќе треба да се користат од страна на националните регулаторни тела.

ECRB на регионално ниво дополнително ќе ја олесни соработката со националните регулаторни тела во однос на следењето на активностите кои имаат прекугранично влијание. Исто така, ќе ги консолидира сите национални регистри на учесниците на пазарот регистрирани согласно EnC REMIT во еден регистар на Енергетската заедница.

ECRB, исто така, ќе следи и известува за имплементацијата на EnC REMIT помеѓу Договорните страни.

## 3. Прашања и одговори поврзани со специфични одредби на REMIT

**П10: Како се дефинираат енергетските производи на пазарот на големо?**

О10: Енергетските производи на пазарот на големо се содржани во член 2(4) во рамките на EnC REMIT. Дополнително, ACER има обезбедено опширно упатство за дефинирање на производите и договорите на пазарот на големо на енергија што се опфатени со REMIT.[7] Оваа дефиниција важи и во контекст на EnC REMIT.

Оттука, за да не се повторуваат упатствата на ACER, постојното упатство на ECRB има за цел да ги наведе разликите што постојат во врска со дефиницијата на Договорните страни, споредено со тоа што важи на ниво на ЕУ.

1. *Место на испорака*: Во ЕУ верзијата на REMIT местото на испорака се однесува на ЕУ, додека во EnC REMIT верзијата местото на испорака се однесува на Договорните страни.
2. *Договори за деривативи*: На ниво на ЕУ, примената на комплексниот сет на правила за финансискиот сектор овозможува конзистентна интерпретација на тоа што се подразбира под енергетските деривативи во земјите членки на ЕУ. Бидејќи таквата правна рамка не е воспоставена кај Договорните страни, договорите за деривативи се исклучени од Член 2 (4) точките (б) и (д) од EnC REMIT. Следствено на тоа, само договорите за деривативи чие порамнување е базирано/произлегува од договори од пазарот на енергија – дефинирани од страна на Договорните страни како финансиски инструменти или не – спаѓаат во рамки на EnC REMIT. Исто така, ова зависи и од состојбата на развојот на финансиската регулатива кај Договорните страни и кои финансиски инструменти се користат.

Договорите за снабдување и дистрибуција на електрична енергија или природен гас за крајни корисници, не се сметаат за производи на големо на пазарот на енергија – освен кога се склучуваат договори за снабдување со електрична енергија или природен гас со потрошувач кој има капацитет за потрошувачка еднаков или поголем од 600 GWh годишно, во поединечни постројки кои се под контрола на еден субјект. Овој праг на потрошувачка може да биде поставен

[7] https://documents.acer-remit.eu

на пониско ниво во некои од Договорните страни и треба соодветно да се разјасни со релевантното национално регулаторно тело.

**П11: Како се дефинираат пазарите на енергија на големо?**

О11: Енергетските производи на пазарот на големо се содржани во член 2 (6) во рамките на EnC REMIT. Упатството на ACER за дефинирање на пазарите на енергија на големо е исто така валидно и во контекст на EnC REMIT. Оттука, сегашното упатство на ECRB има за цел да ги наведе само разликите што постојат за дефинирањето на Договорните страни, споредено со тоа што важи на ниво на ЕУ.

REMIT што се применува во ЕУ се однесува на Европската Унија како географски опсег на пазарот на кој се тргува со производи на енергија на големо. Според EnC REMIT, географскиот опсег се всушност Договорните страни на Енергетската заедница.

Дефиницијата за пазарите на големо ги вклучува сите пазари и временски рамки каде што се тргува со енергетските производи на пазарите на големо, т.е. балансирање, ре-диспечинг и контра-тргување, краткорочни пазари, пазари за идна испорака (forward markets), пазари за пренос, пазари за капацитет, локални пазари за флексибилност на електрична енергија, итн.

**П12: Зошто Членовите 6, 8, 10, 19, 20, 21, 22 се избришани од EnC REMIT?**

О12:

- Членот 6 не се применува директно во Енергетската заедница, имајќи предвид дека секое потенцијално ажурирање на дефинициите за внатрешни информации и манипулација на пазарот преку делегираните акти на Европската комисија, ќе бидат прилагодени и усвоени одделно во Енергетската заедница.
- Членот 8 не се применува на Договорните страни. Повеќе информации за ова се дадени погоре во текстот.
- Членот 19 е специфичен за ЕУ и затоа не се однесува на Енергетската заедница.
- Членот 20 се однесува на овластувањата на Европската комисија да донесува делегирани акти и како таков не се однесува на Енергетската заедница.
- Членот 21 е специфичен за Европската комисија и како таков не се однесува на Енергетската заедница.
- Членот 22 се однесува на стапувањето во сила на Регулативата. Во случајот на Енергетската заедница, стапувањето во сила е дел од одлуката на Министерскиот совет со која е усвоен EnC REMIT[8].

[8] Одлука 2018/10 MC-EnC од 29 Ноември 2018 година. Со оваа одлуката е утврден краен рок за транспонирање на REMIT Регулативата од 29.11.2019 година со рок за имплементација до 29.05.2020 година.

ECRB издаде Процедурален Акт за имплементација на EnC REMIT, кој го опишува процесот на соработка помеѓу НРТ кои се членки на ECRB. Процедуралниот е достапен на: https://energy-community.org/dam/jcr:07a15679-d2f7-41d8-94be-8b3ca9507377/ECRB_PA_%2001_2020.pdf

**П13: Како е применета забраната за тргување врз основа на внатрешни информации и манипулација на пазарот во EnC REMIT?**

О13: EnC REMIT го дефинира тргувањето врз основа на внатрешни информации (член 3) и манипулацијата на пазарот (член 2(2)) на ист начин како во ЕУ, и следствено на тоа и забраната се применува на истиот начин. Надлежностите на националните регулаторни тела во Енергетската заедница да вршат истраги во висока мера се конзистентни. Меѓутоа, прекршочните режими кои се применуваат кај одделните договорни страни се разликуваат (види исто во О18). Останатите прашања кои се однесуваат на оваа тема може дополнително да бидат појаснети од страна на надлежното национално регулаторно тело.

Националните регулаторни тела може да ги спроведуваат своите надлежности директно, во соработка со други органи или преку надлежните судски органи.

**П14: Како националните регулаторни тела ќе го следат пазарот кога не постои обврска за доставување податоци?**

О14: Националните регулаторни тела може да ги користат постојните системи за доставување податоци во контекст со стандардните процедури за следење на пазарот, или доколку сметаат дека е потребно, да воспостават специфични национални барања за известување согласно REMIT. Понатаму, регулаторите може да се потпрат на информациите од лицата кои професионално посредуваат во вршење трансакциите (PPAT), учесниците на пазарот, или други укажувачи. Ваквите информации може да ги поттикнат националните регулаторни тела да спроведуваат понатамошни истраги. Регулаторите можат да вршат и ад-хок мониторинг-истраги за одредени пазарни однесувања.

**П15: Како националните регулаторни тела ќе соработуваат за следење на прекуграничните трансакции?**

О15: Форматот на соработка е дефиниран во член 16 од EnC REMIT. Соработката на прекугранично ниво се врши преку Регулаторниот одбор на Енергетската заедница (ECRB). Националното регулаторно тело може да ги извести другите национални регулаторни тела кога постојат сомнителни однесувања поврзани со одредени прекугранични активности. Тогаш кога е потребно, националните регулаторни тела заеднички ќе формираат работна група во рамките на ECRB и заеднички ќе го испитаат сомневањето за прекршување на правилата на REMIT. Во тој контекст, преку структурите на ECRB можна е соработка со ACER (и национални регулаторни тела од ЕУ).

ECRB донесе Процедурален Акт за имплементација на EnC REMIT, кој го опишува процесот на соработка помеѓу националните регулаторни тела кои се членки на ECRB. Процедуралниот акт е

достапен на следниот линк: https://energy-community.org/dam/jcr:07a15679-d2f7-41d8-94be-8b3ca9507377/ECRB_PA_%2001_2020.pdf

**П16: Како функционира регистрацијата на учесниците на пазарот?**

О16: Регистрацијата на учесниците на пазарот на EnC REMIT, се разликува од REMIT во ЕУ. Секој учесник на пазарот, кој што е активен на пазарите на една или повеќе Договорни страни има обврска да се регистрира во рамките на секоја Договорна страна кај соодветното национално регулаторно тело. Потребна е регистрација во секоја Договорна страна каде што учесникот на пазарот е активен. Меѓутоа, самиот процес е многу јасен и усогласен помеѓу националните регулаторни тела. Постојат слични формулари за регистрација, каде што се потребни истите податоци за регистрација.

Повеќе детали за усогласувањето на процесот на регистрација може да се видат од Процедуралниот Акт на ECRB за EnC REMIT. Процедуралниот Акт на ECRB за EnC REMIT е достапен на: https://energy-community.org/dam/jcr:07a15679-d2f7-41d8-94be-8b3ca9507377/ECRB_PA_%2001_2020.pdf.

За повеќе информации за пристапот за регистрација применет во поединечната Договорна страна треба да се консултира релевантното национално регулаторно тело.

**П17: Дали против одлуките на националното регулаторно тело постои право на жалба?**

О17: Да. При транспонирањето на EnC REMIT во националното законодавство, секоја Договорна страна треба да обезбеди соодветен механизам, според кој засегната страна од одлуката на националното регулаторно тело може да поднесе жалба до тело кое е независно од вклучените страни или од која било влада.

**П18: Каков е прекршочниот режим за REMIT во Енергетската заедница?**

О18: Прекршочниот режим што се применува кај Договорните страни не е целосно усогласен и затоа е неопходно оваа правна рамка да се разјасни со релевантните национални регулаторни тела со цел да се обезбеди подобро разбирање за секоја Договорна страна.